ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-07/12
06.07.2016 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 15в од Законот за вршење на сметководствени работи и член 61 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Управниот одбор на Институтот, на седница одржана на ден 06.07.2016 година во Скопје ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за назначување и начин на спроведување на обука

### Член 1

Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ на одржана седница на ден 06.07.2016 година, врз основа на член 15в од Законот за вршење на сметководствени работи и член 61 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија донесе одлука за избор на ИСК Македонија за правно лице кое ќе избира и ангажира едукатори за спроведување обуки за за предметите од програмата за полагање на испит за сметководител или овластен сметководител.

### Член 2

ИСК Македонија ќе избира и ангажира едукатори за спроведување на обуките за предметите од програмата за полагање на испит за сметководител или овластен сметководител, во согласност со постапка и критериуми за избор утврдени во Правилникот за критериуми за избор за назначување и начин на спроведување на обука и Законот за вршење на сметководствени работи

### Член 3

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

Ленче Папазовска

Тихомир Мурџески

Орхан Рамадани

Тони Димитровски

Јован Златевски